**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Бр. 03-970/1**

**Скопје 15.02.2019г.**

**Предмет: Прв седмичен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува првиот седмичен извештај за периодот од 8 до 14 февруари 2019 година.

Ве известуваме дека согласно последните измени на Изборниот законик, Советот на Агенцијата непосредно пред распишување на изборите, на седница одржана на 07.02.2019 година ја донесе новата Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси, која ви ја праќаме во прилог.

Според Методологијата, Агенцијата започна со мониторинг на 9 февруари 2019 година, наредниот ден по распишувањето на изборите. Во периодот од распишување на изборите до почетокот на изборната кампања, предмет на мониторинг ќе бидат два телевизиски и два радио сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРТ) и 11 комерцијални телевизии што емитуваат програма на државно ниво (ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ 24 Вести, ТВ Сонце, ТВ Клан Македонија, 1 ТВ, ТВ 21-М и ТВ Шења). До почетокот на изборната кампања, за сите други програмски сервиси, Агенцијата ќе врши мониторинг врз основа на претставки.

За мониторингот до почетокот на изборната кампања, освен вработени во Стручната служба, Агенцијата ангажираше и 7 надворешни соработници.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**

**Тел. + 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED